*ОД УРЕДНИШТВОТО*

*Со овој број, списанието МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД отпочнува да излегува во друг формат, како што тоа го прават редица реномирани списанија, притоа, останувајќи и верни на зелената боја и дизајнот на корицата. Треба, исто така, да соопштиме дека иако броевите ќе имаат помалку страници, тоа не значи дека се намалил обемот на печатениот материјал, туку само се зголемил просторот по страница за слогот.*

*Што се однесува до содржината на објавуваните статии, таа се диктира првенствено од ракописите што доаѓаат во Редакцијата: по бројот, квалитетот и намената. Тука би ја нагласиле и политиката на Уредувачкиот одбор и на рецензентите да се одржи континуитетот и во критичката оценка на ракописите што се примаат за објавување со што ќе се овозможи подигање на нивото на текстовите, но и одржување на стандардите и критериумите зацртани порано.*

*Меѓу програмските задачи на Редакцискиот одбор се наоѓа и воведувањето нови рубрики. Во овој број, а и во следниот, тоа е рубриката ГОСТИ НА РЕДАКЦИЈАТА, во која учествуваат со свои прилози реномирани имиња од нашата научна средина.*

*Читателите што го следат списанието од неговите први броеви веројатно прочитале во едно од поранешните обраќања на Уредувачкиот одбор дека за читателската публика е секогаш отворена рубриката ПИСМА ДО УРЕДНИШТВОТО, која би требало да обезбеди повратна врска меѓу читателите и Уредувачкиот одбор и да отвори полемички текови на некои актуелни теми.*

*И, на крај, за да можеме континуирано да излегуваме, уште еднаш упатуваме апел до читателите да ја уплатат на нашата сметка годишната претплата.*

*Главен и одговорен уредник*
*Проф. д-р Ефтим Мирчев*